Return Assistance

Macedonian

IOM International Organization for Migration
OIM Organisation Internationale pour les Migrations
IOM Internationale Organisation für Migration

# Асистенција за реинтеграција

## Објаснување на начините на плаќање на ИОМ

- Треба да ја контактирате ИОМ Канцеларијате во **рок од 3 месеци** по враќањето,
- Треба да го докажете вашиот идентитет (со пасош/лична карта),
- Исплати може да се дадат само на лица со **легален статус** во земјата на враќање (имајте во предвид дека можеби ќе ви треба дозвола за престој или работа доколку се враќате во трета земја),
- Внимавајте доколку започнувате со бизнис, вашиот бизнис да е **легален и легално регистриран**. На ИОМ треба да му приложите копија од регистрацијата,
- Треба да **соработувате со претставниците на ИОМ** во реализација на вашиот реинтеграционен проект,
- Реинтеграционата асистенција може да се пружи во **рок од една година од враќањето** (освен со посебна дозвола од Државниот Секретаријат за Миграција (ДСМ),
- **Промените на реинтеграционите проекти треба да бидат одобрени** пред да се направи исплатата,
- Сумата наведена во договорот е **максимална сума** која може да се исплати. Доколку искористите помала сума за вашиот реинтеграционен проект од онаа одобрена од ДСМ или донаторот, само таа сума која сте ја порошиле и за која сте приложиле сметки ќе ви биде надоместена,
- Исплатите за вашиот реинтеграционен проект одобрен од ДСМ или донаторот може да се вршат во **повеќе рати,**
- Исплатите за вашиот реинтеграционен проект најчесто се прават **директно на давателот на стоки/сопственикот на објект или медицинските даватели на услуги** во зависност од типот на реинтеграциона асистенција која е одобрена,
- Ако директна исплата не е возможна, вие ќе треба да приложите фактури/сметки во врска со направените трошоци за вашиот проект и истите ќе ви бидат надоместени,
- **ИСПЛАТИ ВО КЕШ НЕ СЕ ДОЗВОЛЕНИ.**
- Исплатата вообичаено се врши во **локална валута никогаш во швајцарски франци**,
- Сумата за реинтеграциската асистенција изразена во УСД се утврдува од страна на ДСМ на годишно ниво
- За исплатата ќе се користи **ИОМ девизниот/валутен курс** во месецот кога се спроведува исплатата за замена од УСД = во локална валута (тој се разликува од вообичаениот дневен курс на локалните банки!).

### Комуникација

- **Пред враќањето:** Нема директна комуникација со ИОМ канцеларијата во земјата на враќање, ваш директен партнер во Швајцарија е советникот за враќање.
- **По враќањето:** Локалната ИОМ Канцеларија ќе ви ги одговори сите прашања и ќе ви помогне во имплементацијата на вашиот реинтеграционен проект (не советникот од Швајцарија), т.е. ваш партнер/соработник се локалните претставници на ИОМ.